# ОПШТИНА ЗРНОВЦИ

## З А П И С Н И К бр. 3

од Третиот состанок на Кординативното за обезбедување целосна координација во врска со спречување на ширење на Коронавирус COVID-19 , оджан на ден 27.03.2020 година

На 27.03.2020 година (петок ) со почеток во 17.00 часот во просториите на општина Зрновци се одржа третиот состанок на Кординативно тело за обзбедување и целосна координација во врска со спречување на ширење на Коронавирус COVID-19 ,

Со Кординативно тело за обзбедување целосна координација во врска со спречување на ширење на Коронавирус COVID-19 Раководеше Блаже Станков Претседател на Кординативно тело
На состанкот присуствуваа членовите на Кординативно тело и тоа :
Блаже Станков Градоначалник на општина Зрновци, Борче Коцев Командир на Судска полиција Кочани , Горан Кокев Директор на КЈП Водна Кула Зрновци , Славчо Гиздовски член на Советот на Општина Зрновци , Дарко Стојков Претставник од ДЗС , Методи Николов претставник од Општина Зрновци , Кирчо Горгиев Директор на ОУ „ Синиша Стоилов Зрновци , Виктор Анакиов преставник од УЈП Штип и Гоце Нацев МВР ПС Кочани .

На состанокот на Кординативно тело за обзбедување целосна координација во врска со спречување на ширење на Коронавирус COVID-19 се утврди следниот Дневен ред :

1. Усвојување на записникот од 1-от и 2-от состанок - на Кординативно тело за обзбедување целосна координација во врска со спречување на ширење на Коронавирус COVID-19
2. Формирање на мобилни екипи за помош на стари и немокни лица на подрачјето на општина Зрновци
3. Список на лица на кој им треба помош на подрачјето на Општина Зрновци
4. Набавка на маски за заштита од Коронавирус COVID-19
5.Масовна дезинфекција на секоја куќ на подрачјето на Општина Зрновци поради заштита од Коронавирус COVID-19
6. Разно

Од страна на присуствуваа членовите на Кординативно тело дневниот ред е усвоен

## ТЕК НА СОСТАНОКОТ

1. Точка
Усвојување на записникот од 1-от и 2-от состанок - на Кординативно тело за обзбедување целосна координација во врска со спречување на ширење на Коронавирус ЦОВИД-19
Записникот од 1-от и 2-от состанок - на Кординативно тело за обзбедување целосна координација во врска со спречување на ширење на Коронавирус ЦОВИД-19 од страна на присутните членови на Кординативно тело е усвоен едногласно .
2. Точка
Формирање на мобилни екипи за помош на стари и немокни лица на подрачјето на општина Зрновци
Соглед на Заклучоците на Владата за ограничување на движењето на лицата со старосна граница над 67 години и тоа од 11.00 часот па се 05.00 часот наредниот ден

Print to PDF without this message by purchasing novaPDF (http://www.novapdf.com/)

потребно е формирање на мобилни екипи за помошна стари и немокни лица на подрачјето на Општина Зрновци .
За Муродвис и Видовиште треба да се изберат по двајца а за Зрновци треба да се изберат 4 лица .
Во моментот за Зрновци ги именуваме следните лица : Гоцев Стојанчо и Петров Стојанчо .
На состанокот се дискутираше кои се тие лица . Исто така се напомена дека во април вирусот ке добие колуминација . Се напомена што со фармерите и сточарите како тие ке постапуваат во овој период кога има мерка ограничување на движење . Беше напоменато дека сточарите и фармерите да се обратат до Министерството за земјоделие во Кочани .
3. Точка
Список на лица на кој им треба помош на подрачјето на Општина Зрновци

-Блаже Димитров- Тодорка Коцева – Благородна Митева – Стојка Грујевска – Вида Горгиева – Валентин Славев – Мара Ангелова – Никола Коцев и Рада Коцева – Мара Стојова – Божана Гаврилова – Севда Стаменкова – Лилјана Ристова – Јелица Симјонова – Киро Коцев – Лазо Андонов – Спасена Јованова – Јорданка Нацева – Голубина Горгиева – Билјана Николова – Мира Ристова – Нада Зафирова – Стојан Трајков .
4. Точка
Набавка на маски за заштита од Коронавирус COVID-19
Претседателот Блаже Станков отвори претрес при што истакна дека е во преговори со некои конфекции за да порача заштитни маски . Веке имам набавено 100 маски по 30, 00 денари . Планирам да набавам уште 500 маски преку општината . Незнам колку ке има ефект и како ке ги делиме . Се одлучи да оваа точка се одложи .
5. Точка
Масовна дезинфекција на секоја куќа на подрачјето на Општина Зрновци поради заштита од Коронавирус COVID-19
Претседателот на кризниот штаб напомена дека до сега КЈП Водна Кула од Зрновци има прскано неколку пати по улиците и јавните површини . Но сега ке спроведеме акција за дезинфекција на секое домакинство. Акцијата ке ја спроведеме во недела со почеток во 10:00 часот. Предлагам да го задолжиме Комуналното претпријатие и вработените во него. Дарко Стојков предложи да и кризниот штаб се вклучи во акцијата. Така и се одлучи да во недела во 10:00 часот се спроведеакцијата .
6.Точка
Разно
Има најава од наши сограѓани кои сакат да уплатат финасиски средства за да им се помогнема на некои семејства во општина Зрновци при што прашуваат дали Кординативно тело има жиро сметка . По повеке дискусии се констатира дека кризниот штаб не може да отвори сметка ,а ниту пак Општина Зрновци за вакви работи . Во врска со отварање на сметка на која ке се пушата пари се одлучи да се стапи во контакт со црквата во Зрновци дали ке може да се пуштат на сметка на епархијата со назнака за општина Зрновци а потоа да се дадат на Кординативно тело и да се употребат.

Состанокот заврши во 18:30 часот.

ОПШТИНА ЗРНОВЦИ
Претседател на Кординативно тело
Блаже Станков

Print to PDF without this message by purchasing novaPDF (http://www.novapdf.com/)